# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за состојбата со услугите за превоз со моторни возила што ги врши СОЗР, како и да даде придонес за подобрување на ефикасноста на извршените услуги преку искористување на возниот парк, констатирање на состојбите, слабостите, неправилностите, пропустите во процесот на користење на услугите, состојбата со човечките ресурси, финансиски средства, опременоста, како и активностите кои СОЗР и корисниците на услугите за превоз со моторни возила ги преземаат за ефикасно искористување на возниот парк согласно законска регулатива.
Од резултатите добиени со прелиминарните истражувања, информации и откриени ризици, собраната и анализирана документација произлезе следната генерална цел:

**"Дали Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ ги извршува услугите за превоз со моторни возила на ефикасен начин, со цел задоволување на барањата и потребите на корисниците, согласно законските надлежности?"**

Со ревизијата на успешност опфатени се следните области:

- Законска регулатива од областа;
- Организација, кадровска екипираност, опременост и финансирање на СОЗР;
- Постапка за давање на услуги за превоз со моторни возила;
- Мерки за подобрување на состојбата со возниот парк на СОЗР;
- Евиденцијата на моторните возила и изминатите километри.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за функционирање на СОЗР во спроведувањето на своите надлежности кои се однесуваат на услуги за превоз со моторни возила, како и покриеноста на законската регулатива од областа, задоволувањето на барањата и потребите на корисниците на услугите за превоз со моторни возила и други отворени прашања од соодветната област за кои ревизијата најде за потребно да ја спроведе и прошири ревизијата на успешност преку креирање на соодветна ревизорска програма и план.

Ревизија на успешност беше насочена и кон оценка на: постоењето на ризици во областа предмет на ревизија кај СОЗР и корисниците на услуги, соодветни политики кај СОЗР и корисниците на услугите, преземените мерки во функција на исполнување на целите, нивото на функционирање на СОЗР заради ефикасно искористување на возниот парк и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата.

Како резултат од нашите истражувања искажани се состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди.

## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Со ревизијата на успешност опфатен е периодот 2010 – 2012 година (заклучно со ноември 2012 година), во одредени области и прашања и настани пред 2010 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2012 година.

Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет од интерес на повеќе институции во РМ – корисници на услуги за превоз со моторни возила.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.



*Ревизорска екипа* | *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ | ______________________

*3.* ______________________